20091483006

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за просветната инспекција, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 декември 2009 година.

Бр. 07-5185/1
10 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005 и 81/2008), во членот 20 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Интегралната евалуација од ставот 1 на овој член се врши на секоја трета учебна година.

За спроведената интегрална евалуација од ставот 1 на овој член Државниот просветен инспекторат изработува писмен извештај за работата на наставниците и стручните соработници од основните и средните училишта и го доставува до училиштето и до Државниот испитен центар.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

www.pravdiko.com